Ресорните министерства доставените пресметки за исплата на бруто плати и надоместоци ги доставуваат до Министерството за финансии за контрола и евиденција.

Член 12

Месечниот надоместок за присуство на седници на членовите на Советот изнесува 70% од просечната месечна плата во Републиката исплатена за претходната година.

На претседателот на Советот, за раководење и организирање на работата на Советот му се определува надоместок, зголемен за 30% од утрдениот надоместок од став 1 на овој член.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот се исплатува за присуство на сите седници на советот во тековниот месец.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот се намалува за 30% за секое отсуство од седница на совет.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот не се исплатува, доколку членот на советот не присуствувал на ниту една седница на советот во тековниот месец. Месечниот надоместок за присуство на седниците не се исплатува, доколку советот во тековниот месец не одржал седница.

Член 13

На вработените во локалните јавни установи кои работните задачи ги извршуваат надвор од местото на живеење, односно во дел од населените места на Општина Велес им се признава трошок за превоз до и од работа во висина на реалните трошоци и истите ќе се исплаќаат од средствата на блок дотацијата од соодветната програма и расходно конто 421440-Транспорт на луѓе.

Член 14

Во случај на боледување подолго од шест месеци и во случај на потешки последици од елементарни непогоди во смисла на Законот за заштита и спасување и други случаи, на работникот му се исплатува помош во висина од една последно исплатена просечна месечна нето плата во органот каде што е вработен од Програма Градоначалник Д0 расходно конто 404150 Други надоместоци.

Член 15

Користењето на средствата од Буџетот на општината за вршење на функциите на буџетските корисници се реализираат со фактури во кои посебно се искажуваат расходите по поодделни ставки, почитувајќи ги одредбите од Законот за јавните набавки.

Набавката на стоки и вршењето на услуги може да се врши и со сметкопотврди во случај кога за расходите неможе да се издаде фактура и само во ограничени поединечни износи до 6.000,00 денари каде задолжително мора да биде приложена фискална сметка, при што расходите треба да бидат искажани по класификација на соодветниот расход.

Член 16

За средствата утврдени во буџетот на општината во рамките на резервите (постојана и тековна буџетска резерва), одлучува Советот на општината, а ги извршува Градоначалникот. За искористените средства Градоначалникот е должен да поднесе Годишен извештај за користењето на средствата од резервите.

За користење на средства од резервите до износ најмногу до 50.000 денари одлучува Градоначалникот.

Член 17

Исплатата на надоместоците за отпремнини за пензионирање на вработените во Општината и локалните јавни установи ќе се врши од Програма Градоначалник Д0 расходно конто 464940-Трансфери при пензионирање во висина од две просечни исплатени месечни нето плати во Републиката.

Во случај на смрт на вработен во Општината и локалните јавни установи, во случај на смрт на член на неговото потесно семејство, исплатата ќе се врши од Програма Градоначалник Д0 расходно конто 413110-Тековни резерви (разновидни расходи) .

Исплатата на надоместоците од претходните ставови на овој член ќе се врши врз основа на предходно оформена и комплетна документација и донесено решение од страна на градоначалникот.

Член 18

Исплата на име Јубилејни награди ќе се врши од Програма Општинска администрација Е0 расходно конто 464990 - Други трансфери на основа донесено Решение од Градоначалникот согласно Правилникот за доделување на Јубилејни награди.

Член 19

Средствата утврдени во Буџетот и распоредени во поодделните програми потпрограми ги извршува Градоначалникот на Општината.

Член 20

Буџетските корисници можат да вработуваат нови работници и да пополнуваат испразнети работни места само под услов, ако за тоа се обезбедени средства во Буџетот на Општината. За обезбедените средства градоначалникот на Општината дава писмено известување, по претходно дадено позитивно мислење од Агенцијата за државни службеници на актот за систематизација.

Член 21

Се овластува Одделението за финансирање, буџет, општински имот и администрирање со даноци и имот да ги примени одредбите од новите законски прописи кои ја регулираат исплатата на бруто платата .

Член 22

Кога приходите што му припаѓаат на Буџетот се погрешно уплатени или се наплатени во износ поголем од утврдениот, погрешно или повеќе наплатениот износ се враќа првенствено на товар на видот на приходите на кои се уплатени, а доколку такви приходи нема, тогаш на товар на другите приходи на Буџетот.

Повратот на погрешно, на повеќе уплатени, односно наплатени приходи се врши со решение на Градоначалникот, освен во случаите каде надлежноста им припаѓа на други органи.

Член 23

Буџетот на Општина Велес се извршува од 01.01.2013 до 31.12.2013 година.

Член 24

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Велес”, а ќе се применува од 01 Јануари 2013 година.

Број 07-7254/4
24.12.2012 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
м-р Славчо Чадиев с.р.

297.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 3/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за давање согласност и овластување за потпишување на Договор/и за гранд, согласно Договорот за финансирање Serapis број 2008-0446 помеѓу Република Македонија и Европската инвестициона банка за проект „Водоснабдување и одведување на отпадни води“

Се објавува Одлуката за давање согласност и овластување за потпишување на Договор/и за гранд, согласно Договорот за финансирање Serapis број 2008-0446 помеѓу Република Македонија и Европската инвестициона банка за проект „Водоснабдување и одведување на отпадни води“, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 24.12.2012 година.

Број 08-7301/4
26.12.2012 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точка 4, член 36 став 1 точка 15 и член 50 став 1 точка 4 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 05/02), член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на 12/06, 03/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на својата седница одржана на ден 24.12.2012 година, донесе

О Д Л У К А
за давање согласност и овластување за потпишување на Договор/и за грант, согласно Договор за финансирање Serapis број 2008-0446 помеѓу Република Македонија и Европска инвестициона банка за Проект: “Водоснабдување и одведување на отпадни води“ во врска со Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Европската инвестициона банка по Договорот за заем по Проектот „Водоснабдување и одведување отпадни води“ (“Службен весник на Република Македонија“ број 83/10) и Одлуката за распределба на средства согласно договорот за заем по проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води“ (“Службен весник на Република Македонија“ број 154/2010), помеѓу Општина Велес и Министерство за транспорт и врски на Република Македонија

Член 1

Со оваа Одлука се дава согласност и овластување на Грдоначалникот на Општина Велес за потпишување на Договор/и за грант, кој ќе се склучи согласно Договорот за финансирање Serapis број 2008-0446 помеѓу Република Македонија и Европска инвестициона банка за Проект:

„Водоснабдување и одведување на отпадни води“ во врска со Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Европската инвестициона банка по Договорот за заем по Проектот „Водоснабдување и одведување отпадни води“ (“Службен весник на Република Македонија“ број 83/10) и Одлуката за распределба на средства согласно договорот за заем по проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води“ (“Службен весник на Република Македонија“ број 154/2010), помеѓу Општина Велес и Министерство за транспорт и врски на Република Македонија.

Член 2

Се задолжува и овластува Градоначалникот на Општина Велес, да го потпише Договорот/ите за грант, кој ќе се склучи согласно Договор за финансирање Serapis број 2008-0446 помеѓу Република Македонија и Европска инвестициона банка за Проект: “Водоснабдување и одведување на отпадни води“ во врска со Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Европската инвестициона банка по Договорот за заем по Проектот „Водоснабдување и одведување отпадни води“ (“Службен весник на Република Македонија“ број 83/10) помеѓу Општина Велес и Министерство за транспорт и врски на Република Македонија.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес”.

Број 07-7254/5
24.12.2012 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
м-р Славчо Чадиев с.р.

298.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 3/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за давање согласност и овластување за измирување односно пренасочување на средствата од Буџетската сметка на Општина Велес

Се објавува Одлуката за давање согласност и овластување за измирување односно пренасочување на средствата од Буџетската сметка на Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 24.12.2012 година.

Број 08-7301/5
26.12.2012 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точка 4, член 36 став 1 точка 15 и член 50 став 1 точка 4 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 05/02), член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на 12/06, 03/09 и 18/10) а во врска со одредбите од член 4 став 6 и 7 од Законот за јавен долг („Службен весник на РМ“ бр.62/05, 88/08 и 35/11), Советот на Општина Велес на својата седница одржана на ден 24.12.2012 година, донесе

О Д Л У К А
за давање согласност и овластување за измирување односно пренасочување на средства од буџетската сметка на Општина Велес

Член 1

Во случај на непочитување на договорените услови, со оваа одлука се дава согласност и овластување на Градоначалникот на Општина Велес за измирување на средства од буџетската сметка на Општина Велес, во износ на искористените средства од Договорот/ите за грант, кои ќе се склучат согласно Договор за финансирање Serapis број 2008-0446 помеѓу Република Македонија и Европска инвестициона банка за Проект: “Водоснабдување и одведување на отпадни води“ во врска со Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Европската инвестициона банка по Договорот за заем по Проектот „Водоснабдување и одведување отпадни води“ (“Службен весник на Република Македонија“ број 83/10) и Одлуката за распределба на средства согласно договорот за заем по проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води“ (“Службен весник на Република Македонија“ број 154/2010), помеѓу Општина Велес и Министерство за транспорт и врски на Република Македонија, а во случај на непочитување на договорните услови.

Член 2

Се овластува Градоначалникот на Општина Велес да изврши измирување на средствата од буџетската сметка на општината, во износ на искористените средства од Договорот/ите за грант односно наплатата на средства да ја извршува Министерството за финансии на Република Македонија, со насочување на средства од буџетската сметка на општината-крајниот корисник и/или со задршка на дел од дотациите кои треба да се распределат на Општина Велес до износот потребен за наплата на побарувањето, согласно одредбите од Законот за јавен долг („Службен весник на РМ“ бр.62/05, 88/08 и 35/11).

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес”.

Број 07-7254/6
24.12.2012 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
м-р Славчо Чадиев с.р.

299.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 3/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти во Општина Велес

Се објавува Одлуката за продолжување на работното време на угостителските објекти во Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 24.12.2012 година.

Број 08-7301/6
26.12.2012 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02), член 23, став 3 од Законот за угостителска дејност(„Сл.весник на РМ“ бр.62/04.....53/11) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник“ на Општина Велес бр. 12/06, 03/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 24.12.2012 година, донесе

О Д Л У К А
за продолжување на работното време на угостителските објекти во Општина Велес

Член 1

Со оваа Одлука се врши продолжување на работното врме на угостителските објекти кои работат на подрачјето на Општина Велес, за време од еден час од регистрираното работно време на угостителскиот објект.

Член 2

Продолжувањето на работното време од еден час, важи од 26.12.2012 година до 08.01.2013 година, по повод Новогодишните и Божиќните празници.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 07-7254/7
24.12.2012 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
м-р Славчо Чадиев с.р.

300.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 3/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за донесување на Програма за работа на Советот на Општина Велес за 2013 година

Се објавува Заклучокот за донесување на Програма за работа на Советот на Општина Велес за 2013 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 24.12.2012 година.

Број 08-7301/7
26.12.2012 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 24.12.2012 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за донесување на Програма за работа на Советот на Општина Велес за 2013 година

1. Советот на Општина Велес донесе Програма за работа на Советот на Општина Велес за 2013 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-7254/8
24.12.2012 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
м-р Славчо Чадиев с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/02), член 45 од Статутот на Општина Велес (“Службен гласник на Општина Велес” бр. 12/06, 3/09 и 18/10) и член 134 од Деловникот на Советот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/07,3/09 и 18/10)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 24.12.2012 година, донесе

П Р О Г Р А М А
за работа на Советот на Општина Велес во 2013 година

I. ЦЕЛИ

Основни цели на Програмата за работа на Советот на Општина Велес за 2013 година се:

-Програмирање на работата на Советот за тековната година;

-Реализација на надлежностите, што со закон се ставени во надлежност на Советот;

-Продлабочување на соработката со јавните служби основани од општината;

-Јавност и транспарентност во извршувањето на активностите за 2013 година.

II.АКТИВНОСТИ

I-во тромесечие

Ред.бр.	Наслов	Рок на разгледување на материјалот	Предлагач	Изготвувач
1.	Квартален извештај на Општина Велес за IV квартал 2012 година	**I-**во тромесечие - февруари	Градоначалник	Одделение за финансиски прашања
2.	Завршна сметка на Општина Велес за 2012 година.	**I-**во тромесечие- најкасно до 15-ти март	Градоначалник	Одделение за финансиски прашања
3.	Завршна сметка за 2012 година на општинските основни училишта	**I-**во тромесечие - март Најкасно до 15 март	ООУ	Општинските основни училишта
4.	Завршна сметка за 2012 година на општинските средни училишта	**I-**во тромесечие - март Најкасно до 15 март	ОСУ	Општинските средни училишта
5.	Завршна сметка за 2012 година на општинските културни установи – Библиотека и музеј	**I-**во тромесечие - март Најкасно до 15 март	Јавни установи	ЛУ Народен музеј и Локална библиотека „Гоце Делчев“
6.	Завршна сметка за 2012 година на Општинската установа за деца Детска градинка	**I-**во тромесечие - март Најкасно до 15 март	Јавна установа	ОЈУ
7.	Завршна сметка за 2012 година на ЈКП „Дервен“	**I-**во тромесечие - март Најкасно до 15 март	Јавно претпријатие	ЈКП „Дервен“
8.	Завршна сметка за 2012 година на ЈПССОО „Парк спорт“’	**I-**во тромесечие – најкасно до 15-ти март	Јавно претпријатие	ЈПССО „Парк спорт“
9.	Годишен извештај за 2012 година на Општина Велес	**I-**во тромесечие – најкасно до 15-ти март	Градоначалник	Одделение за финансиски прашања и одговорен сметководител

10.	Буџетски календар за 2013 година	**I-**во тромесечие – до 31 март	Градоначалник	Одделение за финансиски прашања и одговорен сметководител
11.	Годишен извештај за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер во Општина Велес за 2012 година	**I-**во тромесечие - јануари-февруари	Градоначалник	Одделение за правни и општи работи и месна самоуправа
12.	Годишен извештај за јавната безбедност на подрачјето на Општината	**I-**во тромесечие	СВР	СВР-Велес
13.	План за упис на учениците од I година во средните училишта во Општина Велес во учебната 2013/2014 година	**I-**во тромесечие	Градоначалник	Одделение за јавни дејности
14.	Годишен извештај за работата на ЈКП „Дервен“	**I -**во тромесечие	Јавно претпријатие	ЈКП „Дервен“
15.	Годишен извештај за работата на ЈПСОО „Парк спорт“	**I -**во тромесечие	Јавно претпријатие	ЈПССО „Парк спорт“
16.	Извештај за работата на ЛУ Народен музеј	**I -**во тромесечие февруари	Локална установа	ЛУ Народен музеј
17.	Извештај за работата на Локална библиотека „Гоце Делчев“	**I -**во тромесечие февруари	Локална установа	Локална библиотека „Гоце Делчев“
18.	Извештај од реализираните активности (шест месечен) од областа на делегирани надлежности	**I -**во тромесечие	Градоначалник	Здружение на граѓани
19.	Годишен извештај за извршена дератизација на територијата на Општина Велес	**I -**во тромесечие	Градоначалник	Завод за здравствена заштита
20.	Годишен извештај за спроведување на Програмата за развој на Вардарски плански регион	**I-**во тромесечие – јануари, февруари	Градоначалник	Вардарски плански регион
21.	Годишен извештај за работата на Центарот за развој на Вардарски плански регион	**I-**во тромесечие – јануари, февруари	Градоначалник	Вардарски плански регион

II-ро тромесечие

1.	Квартален извештај на Општина Велес за I квартал 2013 година	**II-**ро тромесечие - мај	Градоначалник	Одделение за финансиски прашања
2.	Предлог-стратегија за соработка со НВО за периодот 2013-2016 година	**II-**ро тромесечие	Градоначалник	Одделение за јавни дејности
3.	Тримесечен извештај за работата на ЈКП „Дервен“	**II-**то тромесечие	Претседател на Совет	ЈКП „Дервен“
4.	Тримесечен извештај за работата на ЈПССО „Парк спорт“	**II**-то тромесечие	Претседател на Совет	ЈПССО „Парк спорт“

III-то тромесечие

1.	Квартален извештај на Општина Велес за II квартал 2013 година	**III-**то тромесечие - август	Градоначалник	Одделение за финансиски прашања
2.	Полугодишен извештај за работата на ЈКП „Дервен“	**III-**то тромесечие	Јавно претпријатие	ЈКП „Дервен“
3.	Полугодишен извештај за работата на ЈПССО „Парк спорт“	**III**-то тромесечие	Јавно претпријатие	ЈПССО „Парк спорт“
4.	Годишен извештај за воспитно-образовната работа во учебната 2012/2013 година на ОСУ Гимназија „Кочо Рацин“	**III-**то тромесечие	ОСУ	ОСУ Гимназија „Кочо Рацин“
5.	Годишен извештај за воспитно-образовната работа во учебната 2012/2013 година на ОСУ „Јовче Тесличков“	**III-**то тромесечие	ОСУ	ОСУ „Јовче Тесличков“
6.	Годишен извештај за воспитно-образовната работа во учебната 2012/2013 година на ССОУ „Димитрија Чуповски“	**III-**то тромесечие	ССОУ	ССОУ „Димитрија Чуповски“
7.	Годишен извештај за воспитно-образовната работа во учебната 2012/2013 година на ССОУ „Коле Неделковски“	**III-**то тромесечие	ССОУ	ССОУ „Коле Неделковски“
8.	Годишен извештај за воспитно-образовната работа во учебната 2012/2013 година на ОУД „Лазар Лазаревски“	**III-**то тромесечие	ОУД	ОУД „Лазар Лазаревски“
9.	Годишен извештај за воспитно-образовната работа во учебната 2012/2013 година на ООУ „Васил Главинов“	**III**-то тромесечие	ООУ	ООУ „Васил Главинов“
10	Годишен извештај за воспитно-образовната работа во учебната 2012/2013 година на ООУ „Блаже Конески“	**III**-то тромесечие	ООУ	ООУ „Блаже Конески“
11.	Годишен извештај за воспитно-образовната работа во учебната 2012/2013 година на ООУ „Св. Кирил и Методиј“	**III**-то тромесечие	ООУ	ООУ „Св. Кирил и Методиј“

12.	Годишен извештај за воспитно-образовната работа во учебната 2012/2013 година на ООУ „Благој Кирков“	**III**-то тромесечие	ООУ	ООУ „Благој Кирков“
13.	Годишен извештај за воспитно-образовната работа во учебната 2012/2013 година на ООУ „Јордан Хаџи Константинов Џинот“	**III**-то тромесечие	ООУ	ООУ „ЈХК Џинот“
14.	Годишен извештај за воспитно-образовната работа во учебната 2012/2013 година на ООУ „Рајко Жинзифов“ с. Горно Оризари	**III**-то тромесечие	ООУ	ООУ „Рајко Жинзифов“ с. Горно Оризари
15.	Годишен извештај за воспитно-образовната работа во учебната 2012/2013 година на ООУ „Стојан Бурчевски Буридан“ с. Иванковци	**III**-то тромесечие	ООУ	ООУ „Стојан Бурчевски Буридан “ с. Иванковци
16.	Годишен извештај за воспитно-образовната работа во учебната 2012/2013 година на ООМУ „Стефан Гајдов“	**III**-то тромесечие	ООМУ	ООМУ „ Стефан Гајдов“
17.	Годишна програма за работа на ОСУ Гимназија „Кочо Рацин“ во учебната 2013/2014	**III**-то тромесечие – најкасно до 30 септември	ОСУ	ОСУ Гимназија „Кочо Рацин“
18.	Годишна програма за работа на ОСУ „ Јовче Тесличков“ во учебната 2013/2014	**III**-то тромесечие – најкасно до 30 септември	ОСУ	ОСУ „ Јовче Тесличков“
19.	Годишна програма за работа на ОССУ „Димитрија Чуповски“ во учебната 2013/2014	**III**-то тромесечие – најкасно до 30 септември	ОССУ	ОССУ „Димитрија Чуповски“
20.	Годишна програма за работа на ОССУ „Коле Неделковски“ во учебната 2013/2014	**III**-то тромесечие – најкасно до 30 септември	ОССУ	ОССУ „Коле Неделковски“
21.	Годишна програма за работа на ОУД „Лазар Лазаревски“ во учебната 2013/2014	**III**-то тромесечие – најкасно до 30 септември	ОУД	ОУД „Лазар Лазаревски“
22.	Годишна програма за работа на ООУ „Васил Главинов“ во учебната 2013/2014 година	**III-**то тромесечие најкасно до 30 септември	ООУ	ООУ „Васил Главинов“
23.	Годишна програма за работа на ООУ „Блаже Конески“ во учебната 2012/2013 година	**III-**то тромесечие најкасно до 30 септември	ООУ	ООУ „Блаже Конески“
24.	Годишна програма за работа на ООУ „Св. Кирил и Методиј“ во учебната 2013/2014 година	**III-**то тромесечие најкасно до 30 септември	ООУ	ООУ „Св. Кирил и Методиј“
25.	Годишна програма за работа на ООУ „ Благој Кирков“ во учебната 2013/2014 година	**III-**то тромесечие најкасно до 30 септември	ООУ	ООУ „Благој Кирков“
26.	Годишна програма за работа на ООУ „Јордан Хаџи Константинов Џинот“ во	**III-**то тромесечие најкасно до 30 септември	ООУ	ООУ „ЈХК Џинот“

28.	Годишна програма за работа на ООУ „Стојан Бурчевски Буридан“ с. Иванковци во учебната 2013/2014 година	**III-**то тромесечие најкасно до 30 септември	ООУ	ООУ „Стојан Бурчевски Буридан“ с. Иванковци
29	Годишна програма за работа на ООМУ „Стефан Гајдов“ во учебната 2013/2014 година	**III-**то тромесечие најкасно до 30 септември	Локална установа	ООМУ „Стефан Гајдов“
30.	Годишна програма за работа на Општинската установа за деца Детска градинка за 2013/2014 година	**III-**то тромесечие Октомври	Локална установа	Детска градинка „Димче Мирчев“
31.	Одлука за доделување 9-то Ноемвриски награди и признанија на Општина Велес за 2013година	**III-**то тромесечие-најкасно до 1 ноември	Комисијата	Комисија за општествени дејности
32.	Одлука за доделување награда за животно дело „Гемиџии“ за 2013 година	**III**-то тромесечие-најкасно до 1 ноември	Комисијата	Комисија за општествени дејности

IV-то тромесечие

1.	Квартален извештај на Општина Велес за III квартал 2013 година	**IV-**то тромесечие-ноември	Градоначалник	Одделение за финансиски прашања
2.	Извештај од реализираните активности (шест месечен) од областа на делегирани надлежности	**IV**-то тромесечие	Градоначалник	Здруженија на граѓани
3.	Одлука за доделување Актерска награда за животно дело „Петре Прличко“ за 2013 година	**IV**-то тромесечие-ноември	Комисијата	Комисија за општествени дејности
4.	Одлука за доделување стипендии на талентирани ученици и студенти за учебната 2013/2014 година	**IV -**то тромесечие	Градоначалник	Комисија за стипендирање на талентирани ученици и студенти на Советот на Општина Велес
5.	Буџет на Општина Велес за 2014 година	**IV-**то тромесечие до 31-ви декември	Градоначалник	Одделение за финансиски прашања
6.	Одлука за извршување на Буџетот на општината Велес за 2014 година	**IV**-то тромесечие до 31-ви декември	Градоначалник	Одделение за финансиски прашања
7.	Програма за активностите на Општина Велес во областа на Локалниот економски развој во 2014 година.	**IV**-то тромесечие до 15-ти ноември	Градоначалник	Одделение за локален економски развој
8.	Програма за одбележување на годишнини на значајни настани и личности во 2014 година	**IV-**то тромесечие до 15-ти ноември	Градоначалник	Одделение за јавни дејности
9.	Програма за активностите на Општина Велес во областа на културата во 2014 година.	**IV-**то тромесечие до 15-ти ноември	Градоначалник	Одделение за јавни дејности
10.	Програма за активностите на Општина Велес во областа на спорт и млади во 2014 година.	**IV-**то тромесечие до 15-ти ноември	Градоначалник	Одделение за јавни дејности

11.	Програма за активностите на Општина Велес за поддршка на граѓанскиот секторот во 2014 година.	**IV-**то тромесечие до 15-ти ноември	Градоначалник	Одделение за јавни дејности
12.	Програма за активностите на Општина Велес во областа на социјална и здравствена заштита во 2014 година.	**IV**-то тромесечие до 15-ти ноември	Градоначалник	Одделение за јавни дејности
13.	Програма за активностите на Општина Велес во областа образованието во 2014 година.	**IV-**то тромесечие до 15-ти ноември	Градоначалник	Одделение за јавни дејности
14.	Програма за активностите на Општина Велес во областа на заштита и спасување и противпожарна заштита во 2014 година.	**IV**-то тромесечие до 15-ти ноември	Градоначалник	Одделение за правни и општи работи и месна самоуправа
15.	Програма за активностите на Општина Велес во областа на промоција и комуникација со јавноста во 2014 година.	**IV-**то тромесечие до 15-ти ноември	Градоначалник	Одделение за правни и општи работи и месна самоуправа
16.	Програма за активностите на Општина Велес во областа на меѓународната соработка во 2014 година.	**IV-**то тромесечие до 15-ти ноември	Градоначалник	Одделение за правни и општи работи и месна самоуправа
17.	Програма за уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес и развојни програми во 2014 година.	**IV**-то тромесечие до 15-ти ноември	Градоначалник	Одделение за комунални работи, сообраќај, изградба и одржување на комуналната инфраструктура
18.	Програма за изработка на урбанистички планови и урбанистичка документација за населени места во 2014 година.	**IV-**то тромесечие до 15-ти ноември	Градоначалник	Одделение за урбанизам и заштита на животната средина
19.	Програма за зимско одржување на патишта и улици на подрачјето на Општина Велес за сезоната 2013/2014 година	**IV**-то тромесечие до 15-ти ноември	Градоначалник	Одделение за комунални работи, сообраќај, изградба и одржување на комуналната инфраструктура
20.	Извештаи за работата на организационите одбори на Културните манифестации основани од Советот на Општина Велес за 2013 година	**IV**-то тромесечие	Градоначалник	Организациони одбори на културните манифестации
21.	Извештај за работата на Комисијата за стипендирање на талентирани ученици и студенти на Советот на Општина Велес по спроведен јавен конкурс за учебната 2013/14 година	**IV**-то тромесечие со прелог Одлука за доделување на стипендии	Градоначалник	Комисија за стипендирање на талентирани ученици и студенти на Советот на Општина Велес

23.	Годишна програма за работата на ЈПССО „Парк спорт“ за 2014 година.	**IV**-то тромесечие	Јавно претпријатие	ЈПССО „Парк Спорт“
24.	Програма за одржување на јавна чистота на територијата на Општина Велес за 2014 година.	**IV-**то тромесечие	Градоначалник	Одделение за комунални работи, сообраќај, изградба и одржување на комуналната инфраструктура
25.	Програма за уредување и одржување на градско зеленило за 2014 година.	**IV**-то тромесечие	Јавно претпријатие	ЈКП „Дервен“
26.	Програма за работа на Советот на Општина Велес во 2014 година.	**IV**-то тромесечие	Комисија за изготвување на Програмата	Одделение за правни и општи работи и месна самоуправа -Комисијата
27.	Годишна програма за работа на културната установа – Локална библиотека „Гоце Делчев“	**IV-**то тромесечие (ноември)	Локална установа	Локална библиотека „Гоце Делчев“
28.	Годишна програма за работа на Локалната установа – Народен музеј	**IV-**то тромесечие (ноември)	Локална установа	Локална установа Народен музеј
29.	Деветмесечен извештај за работата на ЈКП „Дервен“	**IV-**то тромесечие	Претседател на Совет	ЈКП „Дервен“
30.	Деветмесечен извештај за работата на ЈПССО „Парк спорт“	**IV**-то тромесечие	Претседател на Совет	ЈПССО „Парк спорт“

III.ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Согласно вака планираните активности по оваа Програма, јавните служби основани од Општината се должни тримесечните извештаи за работата во тековната година до Советот на Општина Велес да ги доставуваат веднаш по изминувањето на рокот за кој се задолжени со закон.

Здружението на граѓани/физички лица на кои се делегирани надлежности од одредена област, согласно Одлуката за делегирање, се должни веднаш по изминувањето на рокот да ги достават своите извештаи за работа до Советот на Општина Велес.

Програмата за работа на Советот во текот на годината може да се дополнува со други содржини кои ќе произлезат од тековните активности на Општина Велес и јавните служби основани од Општината.

Годишните програми и Буџетот ќе бидат донесувани до две фази и за истите ќе бидат организирани јавни расправи. Советот на Општина Велес во тековната година, покрај вака планираното донесува и повеќе одлуки, информации, извештаи и решенија.

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-7254/8
24.12.2012 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
м-р Славчо Чадиев с.р.

301.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за донесување на Програма за одржување на јавната чистота на територијата на Општина Велес во 2013 година

Се објавува Заклучокот за донесување на Програма за одржување на јавната чистота на територијата на Општина Велес во 2013 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 24.12.2012 година.

Број 08-7301/8
26.12.2012 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ 12/06, 03/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 24.12.2012 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за донесување на Програма за одржување на јавната чистота на територијата на Општина Велес во 2013 година

1. Советот на Општина Велес донесе Програма за одржување на јавната чистота на територијата на Општина Велес во 2013 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-7254/9
24.12.2012 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
м-р Славчо Чадиев с.р.

Врз основа на член 12 од Законот за јавна чистота (“Службен весник на РМ” бр. 130/10…..80/12), член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ” бр. 5/02) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес (“Сл.гласник на Општина Велес” бр.12/06, 03/09 и 18/10), а согласно член 5 од Одлуката за одржување на јавната чистота на територијата на Општина Велес (“Службен гласник на Општина Велес” бр. 16/08, 3/11),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 24.12.2012 година ја донесе следната

П Р О Г Р А М А
ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНАТА ЧИСТОТА НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ВЕЛЕС ЗА 2013 ГОДИНА

I. СТРАТЕШКА ЦЕЛ

Програмата на Општина Велес за одржување на јавната чистота е насочена кон одржување на јавната чистота на јавните површини и на отворените простори на јавните објекти, заради обезбедување на поквалитетни услови за живот на граѓаните и почиста животна средина во општината.

II. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Општа цел на Програмата е да се обезбеди редовно чистење (метење и миење) на јавните повшини и отворените простори на јавните објекти, како и одржувањето на снегот и мразот во зимски услови.

Со оваа програма:

-Се утврдува територијата, распоредот и фреквенцијата за одржување (метење и миење) на јавните површини и отворените простори на јавните објекти;

-Се утврдуваат основните начини на вршење на работите за одржување на јавната чистота;

-Се утврдува надзор во спроведувањето;

-Се утврдува начинот на финансирање.

I. ПРЕДМЕТ НА ПРОГРАМАТА

Одржувањето на јавната чистота на територијата на Општина Велес ќе ги опфати:

- јавните површини (улици, тротоари, пристапни патишта, плоштади и уредени отворени простори, крајбрежја, подвозници, надвозници, мостови, паркинг простори, скалила кои ги поврзуваат површините за јавен сообраќај, видиковци, автобуски стојалишта и такси станици, гробишта, јавни санитарни јазли, пазари).

Одржувањето на јавната чистота во парковските површини и градско зеленило не е дел од оваа Програма, туку дел од Програмата за одржување и уредување на градското зеленило.

Во спроведувањето на Програмата се изведуваат следните активности:

-рачно метење на јавните површини,

-машинско чистење на улиците од наноси на земја после врнежи од дожд,

-миење на јавните површини со цистерна,

-собирање и транспортирање на отпадот од одржување на јавната чистота и негово транспортирање на општинската комунална депонија,

-рачно чистење на снегот и мразот во зимски услови.

Согласно програмата ќе се врши метење на: улици, паркинг простори, плоштади, мостови, видиковци, надвозници и подвозници, пристапни патишта кон градот, јавни скалила кои поврзуваат две улици, крајбрежја, јавни санитарни јазли, пазари и гробишта, автобуски стојалишта и такси станици; миење на улици и паркинг простори; рачно чистење на снег и мраз во зимски услови; со вкупна ефективна површина на одржување од 12.174.554м2.

IV.ИЗВЕДУВАЧ НА ПРОГРАМАТА

Програмата за одржување на јавната чистота ќе ја изведува ЈКП "Дервен".

V. АКТИВНОСТИ

При утврдување на јавните површини кои ќе се одржуваат со оваа Програма земени се во предвид: густината на населеност, фреквенцијата на граѓани и сообраќај, социјалните, културните и воспитно-образовните објекти.

VI. ДИНАМИКА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

VI.1. МЕТЕЊЕ НА ЈАВНИТЕ ПОВРШИНИ

1. МЕТЕЊЕ НА УЛИЦИ

А. Метење на улиците секој ден

Од 7.00 14.00 часот во зимски период

Од 6.00 11.00 часот и од 18.00-21-00 часот во летен период,

Од 4.00 11.00 часот на улицата 8-ми септември и во зимски и во летен период

Изведувачот е должен да ги празни и корпите за отпадоци на јавните површини

УЛИЦА	ОПИС	ЕФЕКТИВНА ПОВРШИНА ($м^2$)
„8-ми Септември"	од Пошта до Стар мост	2000
„Алексо Демниевски"	од Пошта до „Жито Вардар"	800
„Благој Ѓорев"	од Пошта до пред касарната	2200

Б. Метење на улиците секој ден освен во недела

Од 7.00 14.00 часот во зимски период

Од 6.00 13.00 часот во летен период

Изведувачот е должен да ги празни и корпите за отпадоци на јавните површини

УЛИЦА	ОПИС	ЕФЕКТИВНА ПОВРШИНА ($м^2$)
„Страшо Пинџур“	/	200
„Гоце Делчев“	/	400
„Илинденска“	до мост Гемиџии	300
„Петре Прличко“	од Стар мост до хотел „Вила Зора“ и спој пред Агенција за вработување со ул. „Димитар Влахов“	1140
„Димитар Влахов“	од Градски пазар до Железен мост	2900
„Панко Брашнар“	/	360
Комплекс УЗУС	Заедно со дел од ул. „Индустриска“, од ул. „АСНОМ“ до раскрсница со Брако	1400

В. Метење на улиците три пати седмично
Од 7.00 14.00 часот во зимски период
Од 6.00 13.00 часот во летен период
Изведувачот е должен да ги празни и корпите за отпадоци на јавните површини

УЛИЦА	ОПИС	ЕФЕКТИВНА ПОВРШИНА ($м^2$)
„Борис Трајковски“	од спој со ул. „Алексо Демниевски“ до спој со ул. „Моша Пијаде“	1400
„Христо Татарчев“	/	800
„Никола Карев“	/	700
„Наум Наумовски Борче“	од спој со ул. „Алексо Демниевски“ до спој со ул. „Благој Ѓорев“	400
„Нада Бутникошарова“	дел	300

Г. Метење на улиците два пати седмично
Од 7.00 14.00 часот во зимски период
Од 6.00 13.00 часот во летен период
Изведувачот е должен да ги празни и корпите за отпадоци на јавните површини

УЛИЦА	ОПИС	ЕФЕКТИВНА ПОВРШИНА ($м^2$)
„Лазо Осмаков“ и дел од „Љубљанска“	„Љубљанска“ од влезот на училиштето „Блаже Конески“ до раскрсница со ул. „Благој Ѓорев“	1800
„11 Октомври“	Од пазарче во Нова населба до споменик „Бауман“	2250
„Браќа Капчеви“	/	400

Д. Метење на улиците еднаш седмично
Од 7.00 14.00 часот во зимски период
Од 6.00 13.00 часот во летен период
Изведувачот е должен да ги празни и корпите за отпадоци на јавните површини

УЛИЦА	ОПИС	ЕФЕКТИВНА ПОВРШИНА ($м^2$)
„Архиепископ Михаил“	/	1000
„Самоборска“	/	450
„Кумановска“	/	600
„Коле Неделковски“	/	200
„Благој Ѓорев“	од ул. „Борис Трајковски“ до раскрсница со филтерница	2200

Ѓ. Метење на улици еднаш месечно
Од 7.00 14.00 часот во зимски период
Од 6.00 13.00 часот во летен период
Изведувачот е должен да ги празни и корпите за отпадоци на јавните површини.

УЛИЦА	м²
„Вардарска“	1700
„Цар Самоил“	240
„Тодор Христов Офицерчето“	600
„Крсте Мисирков“	400
„Георги Војтех“	250
„Оливер Китановски“	400
„Костурска“	870
„8-ма Велешка бригада“	300
„Тодор Јанев“	400
„ЈХК Џинот“	300
„Прохор Пчински“	500
„Орце Мартинов“	600
„Васил Главинов“	900
„Индустриска“	1200
„Ѓоре Органџиев“ (од Стар Мост до спој со ул. „Никола Оровчанец“)	1000
„Методија Андонов Ченто“	1700
„9-ти Ноември“	500
„Кочо Рацин“	200
„Белградска“	1500
„Луј Пастер“	1000
„Јован Алабаков“	150
„Кирил и Методиј“ (од ООУ „Св.Кирил и Методиј“ до црква „Св. Пантелејмон“)	500
„Вера Цириви“ (од спој со ул. „Димитар Влахов“ со спој со ул.„Киро Рогужаров“	3200

Е. Метење на улици два пати месечно
Од 7.00 14.00 часот во зимски период
Од 6.00 13.00 часот во летен период
Изведувачот е должен да ги празни и корпите за отпадоци на јавните површини

УЛИЦА	ОПИС	м²
„Никола Оровчанец“	/	1000
„Димко Најдов“	од Стар мост до видиковец (вклучува и чистење на канал од десната страна на улицата)	1000
„Алексо Демниевски“	од „Жито Вардар“ до Железничка станица	1100
„Васил Ѓоргов“	од раскрсница кон болница до Којник	900
„АСНОМ“	(до надвозник на ул. „Индустриска“)	1600

ЈКП Дервен е должен да врши чистење на просторот веднаш по одржување на јавни манифестации кои ги организира Општина Велес, како и отстранување на некролозите, плакатите и постерите од уличните столбови и дрвја со датум постар од две седмици.

2. МЕТЕЊЕ НА ПАРКИНГ ПРОСТОРИ

Метење на паркинг просторите се врши два пати седмично, освен паркинг на влез во р. Бабуна каде метењето ќе се изврши 4 пати во годината.

ОПИС	м²
Паркинг до Основен суд	1500
Паркинг до Градски пазар (Пармак)	1300
Паркинг до Саат кула	300
Паркинг спроти касарна „Алексо Демниевски Бауман“	250
Паркинг на „Оливер Китановски“	250
Паркинг спроти библиотека „Гоце Делчев“	750
Паркинг на ул.„Петре Прличко“ до Стар мост	250
Паркинг на Градски пазар (горен дел)	450
Паркинг пред мост на влез на р. Бабуна	20

3.МЕТЕЊЕ НА ПЛОШТАДИ И УРЕДЕНИ ОТВОРЕНИ ПРОСТОРИ

ОПИС	ВРЕМЕНСКИ ПЕРИОД	ЕФЕКТИВНА ПОВРШИНА ($м^2$)
Плоштад „Сармаале“	секој ден	опфатен со метење на ул. 8-ми септември
Уреден простор Гимназија	секој ден	опфатен со метење на ул. Благој Ѓорев
Плоштад „Панко Брашнар“	еднаш седмично	опфатен со метење на ул. Благој Ѓорев
Уреден простор Народна кујна	6 пати седмично	300
Плоштад „Којник“	еднаш седмично	450
Простор кај Варналиите	два пати месечно	150
Простор кај Соколаана	еднаш месечно	220
Кеј	еднаш седмично	600
Отворени простори околу згради и лулашки на ул. „Лазо Осмаков“	два пати месечно	3190

3.МЕТЕЊЕ НА ВИДИКОВЦИ
Метењето на видиковците ќе се врши по степен на загаденост и по потреба

ОПИС	ЕФЕКТИВНА ПОВРШИНА ($м^2$)
Видиковец „Димко Најдов“	12
Видиковец „Никола Карев“	12
Видиковец „Рилски конгрес“	12

3.МЕТЕЊЕ НА МОСТОВИ, ПОДВОЗНИЦИ И НАДВОЗНИЦИ

ОПИС	ВРЕМЕНСКИ ПЕРИОД	ЕФЕКТИВНА ПОВРШИНА ($м^2$)
Стар мост	секој ден	120
Мост „Гемиџии“	три пати седмично	200
Мало мовче со галарија	два пати седмично	200
Железен мост	еднаш седмично	300
Подвозник ЈП „Парк спорт“	По потреба и по степен на загаденост	75

6.ЧИСТЕЊЕ НА ПРИСТАПНИ ПАТИШТА И ПАТЕКИ

Чистењето ќе се извршува 2 пати во годината, освен на локацијата Пристапен пат кон Спомен Костурница кој ќе се чисти 6 пати во годината и тоа: пред празнувањето на Илинден, 8 септември, 11 Октомври, 23 Октомври, 9 Ноември и Рацинови средби.

ОПИС	ЕФЕКТИВНА ПОВРШИНА ($м^2$)
Влез во Велес од Штипско џаде до Железен мост	1000
Пристапен пат од раскрсница кон Спомен костурница, плато пред костурница и скалила	10112
Влез во Велес од „Ветекс“	2000
Влез во Велес од манастир „Св. Димитрија“ и генерално чистење за празник Балаклија	1000
Пристап од индустриска зона Речани до бензиска пумпа на „Макпетрол“	3000
Влез во Велес од автобуска постојка во Превалец до патот за филтерница	2000

7.ЧИСТЕЊЕ НА СКАЛИЛА КОИ ПОВРЗУВААТ ДВЕ УЛИЦИ

ОПИС	ФРЕКВЕНЦИЈА	ЕФЕКТИВНА ПОВРШИНА ($м^2$)
